# ПРАВНИОТ СУБЈЕКТИВИТЕТ И ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА ОД ВОНБРАЧНА, НАСПРОТИ БРАЧНА ЗАЕДНИЦА

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

**Наслов:**

Правниот субјективитет и остварувањето на правата од вонбрачна, наспроти брачна заедница

**Издавач:**

Институт за човекови права

**Автор:**

Вера Коцо – Судија на Врховен суд на Р.С. Македонија – во пензија

---

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# Содржина

Апстракт ........................................................................................................3

Права на вонбрачните другари ...........................................................................5

Изедначување на вонбрачната со брачната заедница ..........................6

Стекнување имот во брачна / вонбрачна заедница..................................7

Заклучок ......................................................................................................11

# АПСТРАКТ

Способноста на физичките лица како субјекти на правото да бидат носители на разни правни овластувања (права и обврски) ја изразува нивната правна способност да егзистираат и дејствуваат во правниот промет, регулиран со позитивните законски прописи на државата и со ратификуваните меѓународни договори.[1]

Во суштина само физичките и секако правните лица, се единствените учесници во граѓанско-правните односи, согласно граѓанско-правните норми со коишто се признава потребната правна способност и положба, или нивниот правен субјективитет како институт со исклучително значење во граѓанското право.

Правниот субјективитет им овозможува на правните субјекти да бидат странки во граѓанско - правните односи, да ги воспоставуваат, менуваат или дејствуваат по своја волја, со цел за реализација на содржината на таквите односи, но секогаш во рамките на воспоставениот субјективитет и важење на правните норми.

Развојот на граѓанско правните односи овозможил исклучително значаен прогрес во поглед на субјектите во тие односи, прифаќајќи ги сите луѓе за можни субјекти во правните односи без оглед на нивното потекло, општествен статус, возраст, пол, брачна состојба или која било друга разлика помеѓу нив. Оваа човекова придобивка дека секој човек има право насекаде да биде признаен пред законот како субјект е утврдена и во Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации.[2]

Правниот субјективитет сфатен како правна положба или својство на субјектите овозможува стекнување на граѓански субјективни права и воедно преземање на граѓанско правни обврски и претставува доста комплексен поим, различен од поимот правен статус( како личен, семеен, брачен или друг вид статус).

Комплексноста на правниот субјективитет за стекнување на права и преземање на обврски се огледа во неговата содржина изразена преку: правната способност, деловната способност, процесната способност и деликатната способност на правните субјекти, кои способности се активираат и реализираат

---

[1] Чл. 118 – Устав на Р.С.М.
[2] Чл. 6 – Универзална декларација за човекови права

низ одредени правни процеси во кои ќе се најдат правните субјекти, во зависност од нивната потреба, законска можност и формирана волја за активна или пасивна улога во сферата на правните односи.

Целта на оваа правна анализа е да се прикаже значењето и улогата на правниот субјективитет, којшто го имаат странките, конкретно во споровите за заштита на правата, законски предвидени за партнерите во вонбрачната заедница наспроти истите предвидени за брачната заедница и проблемите кои настануваат по престанување на заедницата или разводот на бракот, во светлото на законската регулатива за ова прашање и ставот на судската практика при разрешување на спорните односи.

*КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: правен субјективитет, вонбрачна заедница, брачна заедница, заеднички имот, посебен имот, издржување, семејна пензија.*

# ПРАВА НА ВОНБРАЧНИТЕ ДРУГАРИ

Вонбрачната заедница, како институт од семејното право, е дефинирана во Законот за семејство и истата претставува заедница на живот меѓу маж и жена која не е заснована во согласност со одредбите од овој закон. Таквата заедница, за нејзиното правно постоење, потребно е да траела најмалку една година, што исто така услов за нејзино изедначување со брачната заедница. Сепак, таквата заедница не е во целост изедначена со брачната заедница, туку само во поглед на правото на меѓусебно издржување помеѓу вонбрачните другари, како и во поглед на имотот стекнат за време на траењето на заедницата.[3]

Со ваквата ограничена законска рамка на правата на вонбрачните другари, споредено со правата на брачните другари коишто можат да ги уживаат како резултат на поширокиот опфат на законски уредените односи во брачната заедница, евидентно не може да се говори за целосна изедначеност на овие заедници, како дел од семејните односи. Најочигледен е необезбедениот социјален аспект на правата на вонбрачните другари, (пример: правото на семејна пензија од вонбрачниот другар и други права на осигурување), а коишто ги овозможува брачната заедница. Во оваа смисла, согласно со пензискиот систем во Република Северна Македонија, кој е регулиран со Законот за пензиско и инвалидско осигурување, покрај правото на семејна пензија на брачниот другар, следува пензија и на брачниот другар од разведен брак, доколку со судска одлука му е утврдено право на издржување.[4] Ова значи дека правото на семејна пензија не е веќе поврзано само за брачниот статус на странките, туку и за оствареното право на издржување. Се поставува прашање: Зошто вонбрачниот другар, кој остварил право на издржување од другиот вонбрачен другар, го нема истото право на семејна пензија, под истите услови како и разведениот брачен другар, во случај кога вонбрачната заедница непрекинато траела подолг временски период? Оваа нееднаквост уште повеќе е изразена кај правото на семејна пензија на вонбрачниот другар којшто до смртта на својот партнер бил издржувано лице од негова страна, но сепак според Законот за пензиско и инвалидско осигурување не спаѓа во кругот на корисници на правото на семејна пензија.

Видно од нееднаквата законска регулатива, произлегува дека нема целосно изедначување на вонбрачната заедница со брачната, ниту во поглед на правата коишто се поврзани со декларираното право на издржување помеѓу партнерите на едната и другата заедница. Ова уште повеќе што и во Уставот на Република Северна Македонија е предвидено дека правните односи

[3] Чл. 13 – Закон за семејство
[4] Чл. 70 ст. 2 – Закон за пензиско и инвалидско осигурување

во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон,[5] што значи дека уредувањето на сите прашања коишто ја тангираат оваа материја не може да се каже дека се неуставни, но истите не се целосно законски уредени. Во оваа смисла Законот за семејство, определувајќи ја правната рамка во поглед на правата на вонбрачната заедница, има рестриктивен приод кон правата на вонбрачните другари, овозможувајќи генерално изедначување со правата помеѓу брачните другари само во поглед на правото на меѓусебно издржување и во поглед на режимот на стекнатиот имот за време на траење на таа заедница, без усогласување на социјалните права коишто се поврзани со правото на меѓусебно издржување кај брачните другари.

Судската практика, имајќи ја предвид ваквата законска регулатива, во изминатиот период изразила поекстензивен став во толкувањето на правото на меѓусебно издржување, па прифатила дека вонбрачниот другар, како лице кое има право на издржување од другиот вонбрачен другар, спаѓа во кругот на лицата коишто можат да се стекнат со својство на носител на станарско право.[6] Ваквиот став повеќе не е актуелен, со оглед на непостоењето на оваа правна категорија во сегашниот правен систем, што не значи дека нема можност за ваков пристап кон овие права и во насока на остварување на семејна пензија која би служела за издржување на живиот вонбрачен другар, кој до смртта на осигуреникот бил издржувано лице од негова страна, или кој обезбедил право на издржување со судска одлука.

## ИЗЕДНАЧУВАЊЕ НА ВОНБРАЧНАТА СО БРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА

Во поглед на правото на сопственост на имотот којшто вонбрачните другари ќе го стекнат во текот на траење на вонбрачната заедница, за разлика од правото на издржување, постигнат е повисок степен на изедначување на сопственичките права, согласно со Законот за сопственост и други стварни права. По однос на правниот статус на имотот, којшто вонбрачните другари ќе го стекнат во вонбрачната заедница, се смета за нивен заеднички имот. Во поглед на управувањето, располагањето, утврдувањето на деловите на имотот стекнат во вонбрачната заедница, како и при делбата на имотот стекнат во таа заедница, соодветно се применуваат одредбите од Законот за сопственост и други стварни права коишто се однесуваат на заедничкиот имот на брачните другари.[7] Ваквата законска определба ја доближува вонбрачната заедница до формално правната

[5] Чл. 40 ст. 2 – Устав на Р.С. Македонија
[6] ВСРМ-ГЗЗ бр.39/96
[7] Чл. 81 ст. 1 и 2 – Закон за сопственост и други стварни права

институција брак, со што е олеснето разрешувањето на имотните односи коишто настануваат по волја на двајцата вонбрачни другари коишто живеат во таква заедница подолго од една година.

Во суштина, волјата на вонбрачните другари претставува многу битен елемент во функционирањето и разрешувањето на вонбрачните односи во таа заедница, доколку дојде до раскинување на истата и настанување на спор помеѓу нив.

Судската практика изградила став дека имотот стекнат во вонбрачна заедница им припаѓа на вонбрачните другари, доколку од нивното поведение произлегува постоење на волја така стекнатиот имот да биде заеднички.[8]

Ваквиот став на Врховниот суд, заземен во сентенцата по предметот наведен во фуснотата, егзистира и денес во разрешувањето на спорните односи помеѓу вонбрачните другари, како што и утврдувањето на волјата за стекнување имот има решавачка улога и во споровите помеѓу брачните другари.

## СТЕКНУВАЊЕ ИМОТ ВО БРАЧНА / ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА

Законот за сопственост и други стварни права содржи генерална одредба за сопственоста на имотот стекнат во брачна заедница, којшто може да биде заеднички и посебен имот.[9] Имотот којшто брачните другари ќе го стекнат во текот на бракот претставува нивен заеднички имот,[10] како и имотот којшто вонбрачните другари ќе го стекнат во текот на вонбрачната заедница се смета за нивен заеднички имот,[11] што суштински не прави некаква разлика поради употребените зборови „претставува“ и „се смета“. Имотот пак, којшто едниот брачен другар го имал во времето на склучување на бракот претставува негов посебен имот. Под поимот 'посебен имот' е опфатен имотот и правото врз имотот што брачниот другар ќе го добие по основ на наследство, легат и подарок, како и стварите стекнати во бракот, а коишто исклучиво служат за задоволување на личните потреби на еден од брачните другари, доколку не претставуваат несразмерно голема

[8] ВСРМ Рев бр.298/85;
[9] Чл. 66 – Закон за сопственост и други стварни права;
[10] Чл. 67 – Закон за сопственост и други стварни права;
[11] Чл. 81 ст. 1 – Закон за сопственост и други стварни права.

вредност во споредба со вредноста на вкупниот заеднички имот,[12] што се однесува и за имотот што вонбрачниот другар го имал пред засновување на вонбрачната заедница.

Ако се анализираат двете погоре наведени одредби од Законот за сопственост и други стварни права.(чл. 67 и чл. 68 ) прилично е јасна дистинкцијата на поимот стекнат имот во текот на бракот – 'заеднички имот', од имотот што едниот брачен другар го имал во време на склучување на бракот – 'посебен имот', што важи и за вонбрачната заедница, меѓутоа фактичката состојба не е секогаш толку јасна. Ова особено кај долгогодишната вонбрачна заедница, која во континуитет прераснува во брачна и во која не е јасно дали имотот стекнат непосредно пред склучувањето на бракот претставува заеднички имот или посебен имот на еден од брачните другари. Ова уште повеќе ако имотот е заведен во јавните книги на еден од тогаш вонбрачните другари, коишто заеднички го владееле долго време и по склучувањето на бракот, без манифестирање јасна волја од страна на брачниот другар на кој се води имотот дека се работи за негов посебен имот. Законската регулатива доста јасно ја определува границата на правото на заедничкиот имот од правото на посебен имот, независно дали се работи за вонбрачна или за брачна заедница, прифаќајќи дека независно од статусот на заедницата, нивниот заеднички имот се запишува во јавните книги на името на двајцата брачни другари како нивен заеднички имот.[13]

Истовремено, Законот ја предвидува и состојбата на упис на имотот во јавните книги само на едниот брачен другар, па во тој случај ќе се смета дека уписот е извршен на име на двајцата брачни другари,[14] што важи и за вонбрачните другари.

Ваквата законска регулатива претставува објективна заштита на правото на сопственост на брачниот или вонбрачниот другар кој не е запишан во јавните книги, од неоснованите претензии за целосна сопственост на имотот од страна на запишаниот брачен или вонбрачен партнер, што најчесто се случува по разводот на бракот или по раскинувањето на вонбрачната заедница.

За разрешување на спорниот однос - дали стекнатиот имот во текот на вонбрачната или брачната заедница претставува заеднички имот или има статус на посебен имот - судската практика изградила став според кој одлучувачка улога има волјата на странките во стекнувањето на заедничкиот имот, која волја, како фактичко прашање се утврдува преку однесувањето на странките кон тој имот, преку вложувањата во истиот и преку целосната грижа за одржување на тој имот до разводот или до раскинувањето на заедницата. Во тој момент најчесто незапишаниот

[12] Чл. 68 ст. 1 и 2 – Закон за сопственост и други стварни права
[13] Чл. 69 ст. 1 – Закон за сопственост и други стварни права
[14] Чл. 69 ст. 2 – Закон за сопственост и други стварни права

партнер во јавната книга за запишување на правата на недвижностите е лишен од правото на мирно уживање на тој имот од страна на запишаниот брачен или вонбрачен другар.

Ако се има предвид дека партнерите во бракот или во вонбрачната заедница не го губат својот правен субјективитет, значи секој од нив егзистира како посебен субјект во правните односи и може слободно да формира своја волја врз основа на својата правна и деловна способност за сите значајни прашања од заедничкиот живот во заедницата, што значи и во однос на стекнувањето имот во таа заедница. Во правната теорија правниот субјективитет на секое физичко лице е неспорен, меѓутоа волевата компонента на истиот може, во практика, да предизвика проблеми кои најчесто се јавуваат поради недоволно утврдени факти или арбитрерност во оцената на доказите и фактите, што доведува до погрешна слика за волјата на партнерите околу стекнувањето на имотот и неговиот правен режим.

Ставот на судската практика по однос на ова прашање во врска со решавачката улога на волјата на странките за стекнување заеднички или посебен имот е изразен и прифатен во одлуките на судовите и може да се каже дека веќе претставува извор на правото при разрешување на ваквите судски спорови. Меѓутоа, самата волја, како кај вонбрачните, така и кај брачните другари по однос на стекнувањето на имотот во заедницата најчесто не е изразена со една поактивна улога на лицето на кое се води имотот во јавните книги, преку правење предбрачен договор со кој би се уредил статусот на тој имот како посебен, или со барање за утврдување исклучива сопственост, а со која околност судската практика најчесто не се занимава. При состојба на законски уреденото прашање дека запишувањето на имотот во јавните книги само на еден од партнерите не го обезбедува правото на посебен имот и ставањето акцент на самиот упис е погрешен однос кон правилното разрешување на спорот, бидејќи се смета дека уписот е извршен на име на двајцата.

Имајќи предвид дека се работи за заедница на две лица, брачна или вонбрачна, се претпоставува дека имотот што го стекнуваат е заеднички и дека нивната волја била во таа насока, што не значи дека не може да се стекне и посебен имот по основ на наследство, легат или подарок, или имот кој служи за задоволување на личните потреби на еден од брачните другари (чл. 68 ст. 1 и 2 од Законот за сопственост и други стварни права). Поради ваквата законска регулатива тешко е прифатлива волјата за стекнување посебен имот на еден од вонбрачните или брачните другари и дека тој имот служи за задоволување на потребите на двајцата партнери, како што е стан за заедничко живеење или слично, без посебно, јавно и јасно изразена волја на еден од нив за стекнување посебен имот, во погоре наведената смисла, но за ова прашање во судските одлуки нема доволна аргументација.

Прифатената судска практика во однос на значењето и улогата на волјата во разрешувањето на споровите за сопственост на имот, како помеѓу вонбрачните, така и помеѓу брачните другари, повлекува обврска на судот, како за објективен и непристрасен однос кон странките, така и за доследна примена на конзистентната судска практика. Во спротивно, судот ја повредува одредбата на чл. 6 од Европската конвенција за човекови права и основни слободи, односно гарантираното право на фер судска постапка, а со тоа ја доведува државата во ситуација на одговорност пред Меѓународниот суд за човекови права во Стразбур.

# ЗАКЛУЧОК

Во фокусот на оваа правна анализа се постави прашањето во врска со прокламираните права на изедначување на вонбрачната со брачната заедница, согласно со член 13 од Законот за семејство, а тоа се правото на меѓусебно издржување и правото на стекнување имот и прашањето кое ја тангира практиката на судовите во споровите за стекнување имот помеѓу брачните, односно вонбрачните другари од аспект на волјата како израз на правниот субјективитет на странките во решавањето на овие спорови.

Во однос на правото на меѓусебно издржување на лицата од вонбрачната заедница соодветно се применуваат одредбите за издржување помеѓу брачните другари, согласно со член 193 од Законот за семејство, што значи изедначување на двете заедници во однос на ова право. Меѓутоа, постојат други права коишто се поврзани со правото на издржување и се од егзистенцијално значење, а не се предвидени за вонбрачните другари, како што е правото на семејна пензија. Ова право на семејна пензија го стекнува дури и разведениот брачен другар на кој со судска одлука му е утврдено право на издржување, согласно со член 70 ст. 2 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Ваквиот симплифициран приод во законската регулатива ја наметнува потребата за обезбедување вакво право на вонбрачниот другар, кој до смртта на осигуреникот со кој живеел во вонбрачна заедница бил издржувано лице од негова страна, но сепак не спаѓа во редот на корисници на правото на семејна пензија, како и вонбрачниот другар кој исто така обезбедил право на издржување со судска одлука како и брачниот другар.

Според член 34 од Уставот на Република Северна Македонија граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување, утврдени со закон и со колективен договор, а според член 35 ст. 1 од Уставот, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните, согласно со начелото на социјалната правичност.

Според член 40, исто така од Уставот, Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството, на правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница коишто се уредуваат со закон, што значи дека социјалната заштита и сигурност, согласно со начелото на социјална правичност и припаѓа и на вонбрачната заедница, односно на граѓаните коишто живеат во таква заедница.

Ваквата анализа на уставните и на законските одредби упатува на објективна можност за опфаќање и на вонбрачните другари во кругот на лицата кои имаат право на семејна пензија, под услов да биле издржувани лица од осигуреникот до неговата смрт, како и лицата кои со судска

одлука обезбедиле право на меѓусебно издржување, како што е предвидено за разведениот брачен другар. Ова укажува на потребата од посуштинско усогласување на правата на партнерите во вонбрачната заедница, како резултат на нивниот правен субјективитет и волја, со правата на брачните другари во брачната заедница, што произлегуваат од правото на законски уреденото право на меѓусебно издржување, а што би можело да се реализира со дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, во наведената смисла. Без претензии за фаворизирање на вонбрачната заедница, сепак истата постои во нашиот правен систем со признаено законско право на меѓусебно издржување помеѓу вонбрачните другари, кои не можат да ги остварат сите права од аспект на  меѓусебното издржување во рамки на социјалните права, гарантирани со Уставот на државата, подеднакво за сите граѓани.

Во однос на второто прашање за правото на стекнување  сопственост на имот во брачна и вонбрачна заедница, кое е уредено со Законот за сопственост и други стварни права, постои реално изедначување на двете заедници, согласно со законската регулатива. Меѓутоа, судската практика по однос на ова прашање изградила став да се утврдува и да се цени волјата на брачните, односно вонбрачните другари за стекнување заеднички или посебен имот во заедницата, како атрибут на правниот субјективитет помеѓу странките во спорот. Ваквиот став на судската практика, сфатен како извор на правото, го отвора прашањето за објективна и доследна примена на истиот. Имено, се работи за утврдување  околност од фактичка природа, што значи потреба од реална и објективна оцена на сите докази поединечно и вкупно во светлото на резултатите на целокупната доказна постапка ( чл. 8 од Законот за парнична постапка). Ваквиот став на судовите ја зголемува потребата и во однос на солидно и законито образложение на судските одлуки, со цел да се избегне опасноста од арбитрерно постапување во оценувањето на доказите и фактите во судските предмети. Истовремено, се зголемува и обврската на судовите за обезбедување на правото на  фер постапка и на почитување на конзистентната судска практика при решавањето на овие спорови, согласно со член 6 од Европската конвенција за заштита на човековите права, а таа Конвенција судовите имаат обврска да ја применуваат согласно со чл. 18 од Законот за судовите.

Само со еден професионален и ефикасен однос во вршењето на судиската професија би се зголемила правната сигурност и исклучително ниската доверба на граѓаните во судството и во владеењето на правото во државата.